Самоевалуација
на ООУ„Јоаким Крчовски“ Крива Паланка

За период 2018-2020 год.

АВГУСТ, 2020

ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

И З В Е Ш Т А Ј ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО	
УЧИЛИШТЕ	ООУ„Јоаким Крчовски“-Крива Паланка
Адреса	Ул. ,, Свети Јоаким Осоговски“ бр.139 Крива Паланка
Контакт податоци (тел., факс, е-маил)	Тел/факс (031) 375-132 e-mail :oujoakimkrcovski @yahoo.com;
Број на ученици во училиште	Во училиштето настава посетуваат 877 ученици
Број на подрачни училишта	9 и тоа: с.Станци, с.Дурачка Река, с.Узем, с.Жидилово, с.Огут, с.Нерав, с.Луке, с.Подржикоњ, с.Дубровница
УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР	
Име и презиме	Дане Петровски
Потпис	
Одобрено од УО	Одржан состанок на ден 11.11. 2020 Записник со дел.бр. _____ од _____
Име и презиме	Марија Смиљков
Потпис	

Содржина:

Вовед.....4
Лична карта 7
Мапа на училиштето.....10
Тим за спроведување на Самоевалуацијата 11
Организација и реализација на наставата и учењето 14
Постигања на учениците 33
Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар ..... .46
Управување и раководење ..... .53
Комуникации и односи со јавноста 60
Училишната клима и култура 69
Соработката со родителите и со локалната средина 84
Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на наставата 91

Вовед

Врз основа на член 147, став 1, 2, 3, 4 и 5, од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), беше извршена Самоевалуација за работата на ООУ „Јоаким Крчовски“, за периодот од 2018 година до 2020 година, од страна на Тимот за изготвување на Самоевалуација за работата во училиштето.

Во текот на работата, тимовите остварија средби со директорот, водеа разговори и со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, стручната служба и родителите. Анкетните прашалници беа онлајн спроведени. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

Самоевалуацијата (самовреднувањето) на работата на училиштето, се смета за најважен механизам за унапредување на квалитетот на работата во образованието.

Самоевалуацијата на училиштето има исклучително развојна функција и не треба да се разбере како критика, туку како процес преку кој се утврдуваат недостатоците било да се тие објективни или субјективни.

Самоевалуацијата е проверен и добар инструмент за подобрување на квалитетот на училиштето, за подобро планирање на работата на ниво на паралелка, училиште и соработка со локалната заедница. Училиштето го следи својот развој и за тоа ги информира родителите и локалната заедница.

Основната идеја на Самоевалуацијата е :

- Што и како работиме?
- Како ја следиме својата работа?
- Како знаеме дека сме успеале?

ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

- Што можеме да направиме да бидеме уште подобри?

Во процесот на утврдување на квалитетот на работата на училиштето треба да се вклучат сите вработени за поуспешна работа на училиштето. На овие прашања треба да одговорат: раководните структури на училиштето, педагошко-психолошка служба, наставниците, учениците и родителите.

На основа на утврдените предности и слабости на училиштето, самото училиште ги планира мерките за подобрување и унапредување на квалитетот на образованието.

Цели на Самоевалуацијата се:

- Објективно да утврдиме што е добро во училиштето и во таа насока да се продолжи
- Објективно да утврдиме што не е добро во училиштето и тоа да се промени
- На инволвираните страни да им го претставиме тоа што е добро и да превземеме одговорност за тоа што треба да се промени
- Сами да управуваме со својот напредок
- Сопствениот напредок и напредокот на училиштето да се заснова на објективно утврдената состојба

Во таа насока во нашето училиште започна процесот на Самоевулација за да се утврдат предностите и недостатоците и на основа на тоа да се одредат приоритетите и целите во понатамошниот развој.

Акциониот план на Самоевалуацијата ги подразбира следните чекори:

- Одредување тим за Самоевалуација - кој ќе биде задолжен во училиштето да ја спроведе истата
- Дефинирање на индикаторите за квалитет - да се одреди што е добро, а што треба да се промени
- Одредување на изворите на податоци од кого и како ќе се собираат податоците
- Разговори
- Собирање и обработка на податоците
- Да се напише извештај за Самоевулација
- Да се изработи Развоен план на училиштето

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на дефинираните индикатори за седумте клучни области од дејноста на училиштето, а тоа се:

- ***Организација и реализација на наставата и учењето,***
- ***Постигања на учениците,***
- ***Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар,***
- ***Управување и раководење,***
- ***Комуникации и односи со јавноста,***
- ***Училишна клима и култура,***
- ***Соработка со родителите и со локалната средина.***

Процес на Самоевалуацијата



ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

Лична карта на училиштето

Име на училиштето	Општинско основно училиште „Јоаким Крчовски“
Адреса, општина, место	ул. Св. Јоаким Осоговски бр. 139 Крива Паланка
Телефон	031 375 132
Фах	031 375 132
Електронска пошта	oujoakimkrcovski@yahoo.com
Веб страна	https://ooujoakimkrchovski.home.blog/
Основано од	Околиски Народен Одбор
Верификација - број на актот	10-1639/3
Година на верификација	1995 год.
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик
Година на изградба	1947 год.
Тип на градба	тврда

Површина на објектот	1430 м^2
Површина на спортски терени и игралишта	2044 м^2
Училиштето работи во смени	во две смени
Паралелките на основното музичко училиште работат во смени	во две смени
Начин на загревање на училиштето	Во двата училишни објекти во градот и во ПОУ с.Жидилово има парно греење, а во останатите училишни објекти на огревно дрво
Број на одделенија	Девет одделенија
Број на паралелки	66
Број на ученици	Учебна 2018/2019-856, Учебна 2019/2020-845
Број на вработени	127
Број на наставници	97
Број на стручни соработници	5
Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем	Нашето учишлиште има Статус на еко-училиште со добиено зелено знаме-Февруари 2013 година, Април 2015 година, Февруари 2017 година.
Меѓуетничка интеграција во образованието	Партнер училиште - ООУ „Јероним Де Рада“- с. Черкези, Куманово
Проект финанасиран од Европската унија „Иднина“	Овој проект започна во 2018 и ќе трае до 2021 година. Во проектот се вклучени шест училишта од пет различни државии тоа:

	Македонија, Полска,Турција, Литванија, и Португалија. Главни цели на проектот се: подобрување на математичките вештини со кодирање, алгоритми и математички размислувања, стекнување вештини за полесно кодирање, основи на роботика - Ардунио и М Блок, интернет алатки и употреба на Web 2.0 и интернет во секојдневната работа, усовршување комуникација и странски јазици и повеќето од нив досега се остварени преку обуки и дисеминации спроведени во училиштето.
Проект финанасиран од Европската унија„Една мисија, една визија, еден фокус“	Овој проект започна од 1 Септември 2019 година и ќе трае до 31.08. 2021 година. Во проектот се вклучени шест училишта од шест различни држави-Романија, Италија, Полска, Турција, Словачка и Македонија. Цел на проектот е инклузивно образование на ученици кои имаат потешкотии во учењето. Во проектот ќе бидат вклучени ученици од ранливите групи категории како и деца со дислексија, дисграфија, дискалкулација, аутизам и сл.

Мапа на училиштето

Училиштето е лоцирано до Градскиот парк во Крива Паланка на адреса ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 139.

ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

ТИМ ЗА САМОЕВАУЛАЦИЈА:

Координатор:

Директор, Дане Петровски

Членови на комисијата:

1. Биљана Пешовска - одделенски наставник
2. Тања Димитровска Шкрбиќ-предметен наставник
3. Викторија Груевска- психолог
4. Александра Стојановска-одделенски наставник
5. Даниела Анастасовска-Совет на родители

Предмет на Самоевалуацата беа **седум клучни подрачја** кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето и во секоја област работеше посебна група наставници:

1 - во подрачје **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО**	2 - ро подрачје **ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**	3 - то подрачје **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР**	4 - то подрачје **УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ**
Координатор-Биљана Пешовска **Членови:** 1.Христина Илиевска (предметен наставник 2.Надица Стојановска (одд. наставник) 3.Марина Стојковска (предметен наставник)	**Координатор-Викторија Груевска** **Членови:** 1. Марина Ј.Митовска (психолог) 2. Даниела Ѓрѓиевска (одд. наставник) 3. Наташа Стефановска (предметен наставник)	**Координатор-Тања Димитровска Шкрбиќ** **Членови:** 1.Елена Ѓошевска Младеновска (предметен наставник 2. Милица Димитровска (одд. наставник) 3.Анета Стојковска(одд. наставник)	**Координатор-Александра Стојановска** **Членови:** 1.Наташа Колевска(предметен наставник) 2.Биљана Алексовска(одд. наставник) 3.Гордана Ивановска(предметен наставник)

5 - то подрачје **КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**	6 - то подрачје **УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА**	7 - мо подрачје **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА**
Координатор-Викторија Груевска **Членови:** 1.Георгина Димитровска-(предметен наставник) 2.Кристинка Петровска (одд. наставник) 3.Габриела Стојановска (предметен наставник)	**Координато-Тања Димитровска Шкрбиќ** **Членови:** 1.Елена Николовска (одд. наставник) 2.Елизабета Стојановска (одд. наставник) 3. Даниела Ѓоргиевска(одд. наставник)	**Координатор-Александра Стојановска** **Членови:** 1.Сузана Ѓорѓиевска (одд. наставник) 2.Биљана П.Антовска(одд. наставник) 3.Јасна Ѓоргиевска (предметен наставник)

При спроведување на интегралната евалуација, комисијата се раководеше од концептот на самоевалуацијата - водич во работата на комисијата. Комисијата ја евалуираше работата на училиштето користејќи ги сите расположливи извори на податоци во училиштето и врз основа на истите се мереше нивото на успешност и напредок на училиштето.

При собирањето на доказите за нивоата на квалитет се користеа следниве инструменти:

-Прашалници за наставници, прашалници за стручни соработници, прашалници за ученици, прашалници за родители, интервју со директорот, разгледување на ресурсите и потребната документација, обработка на прашалниците и анализа на податоците.

Комисијата изврши целосна анализа на сите подрачја на самоевалуацијата на училиштето, идентификувајќи кои се клучните јаки и слаби страни на училиштето, како и приоритетните активности кои треба да придонесат за напредок во целокупната работа во училиштето.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Индикатори:

1.1. Реализација на наставните планови и програми
1.2. Квалитет на наставните планови и програми
1.3. Воннаставни активности
3.1. Планирања на наставниците
3.2. Наставен процес
3.3. Искуства на учениците од учењето
3.4. Задоволување на потребите на учениците
3.5. Оценувањето како дел од наставата
6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Наставни планови и програми донесени од БРО • Годишна програма за работа на училиштето во изминатите две години • Годишни и тематски планирања на наставниците • Педагошка евиденција и документација • Е-дневник • Записници од Училишен одбор • Записници од стручна служба • Записници од родителски средби	***Индикатор за квалитет:*** **1.1. Реализација на наставните планови и програми** Наставните планови и програми за деветгодишното основно образование, во нашето училиште, се во согласност со одобрените програмски документи од БРО и во целост се реализираат. При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинетет, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност. Истите се според пропишаниот обем и број на часови. Задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава редовно се планираат и реализираат. Секој наставник кој работи со ученик со посебни образовни потреби има изработено ИОП-Индивидуален образовен план за тој ученик, по него работи и истиот го има доставено во Стручната служба во училиштето. Сепак може да се напомене дека наставниот кадар не е доволно обучен за работа со ученици со посебни потреби и за изработка на Индивидуални образовни планови и затоа се потребни повеќе обуки во тој дел. Се изготвува распоред за реализација на дополнителна и додатна настава, истиот се доставува до ДПИ и е вметнат во дневниот распоред на часови. Поголемиот број од наставниците, стручните соработници, учениците и родителите сметаат дека учениците се преоптоварени со голем фонд на часови. Во врска со целите на наставните планови и програми и темите кои што ќе се изучуваат по секој предмет, сите се согласни дека редовно се информирани учениците и родителите на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку Совет на родители и со брошури на училиштето. Воедно поголемиот дел од учениците се согласни дека наставните содржини кои ги учат им се разбирливи. Поголемиот дел од наставниците се согласни дека наставните програми ги прилагодуваат на учениците со посебни потреби со изработка на индивидулани образовни планови за секој ученик со посебни потреби.Наставниот кадар реализира настава според дадените наставни планови и програми и според нив изготвува: годишно, тематско-процесно и дневно планирање. Планирањата на наставниците се во печатена и електронска форма и истите уредно се доставуваат до почетокот на учебната година кај стручната служба на училиштето. Исто така наставниот кадар редовно го пополнуваше Е дневникот.

• Записници од Наставнички совет • Записници од Одделенски совети • Записници од стручни активи во училиштето • Развоен план на училиштето • Анкетни листи од наставници, ученици и родители • Други пишани документи од архивата на училиштето	Училиштето изготвува анкетни листови на кои учениците во согласност со своите родители имаат право и можност да изберат кој изборен наставен предмет ќе го изучуваат во текот на следната учебна година. При тоа се води сметка да не се повторуваат предмети кои ги изучувале во претходната учебна година. Во рамки на наставата се реализираат два проекти и тоа Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем и Меѓуетничката интеграција во образованието, како и Спречување на дискриминација, Ненасилно однесување во училиштата и други, а во училиштето се работат и два проекти од Еразмус+ програмата и тоа проектот „Иднина“ и проектот „Една мисија, една визија, еден фокус“.План на активности во рамките на проектот Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем се изработува секоја учебна година и во него се планирани активности кои ќе се реализираат во текот на годината по сите стандарди. За потребите на истиот проект, на почетокот на секоја учебна година се изработува интегрирана програма во која се наведени сите наставни содржини кои одговараат на Еко-стандардите. Исто така во рамки на наставата се реализираат и содржини од Меѓуетничката интеграција во образованието, за кој што исто така на почетокот на учебната година се изработува интегрирана програма во која се наведени сите наставни содржини и активности кои што ќе се работат од страна на наставниците и учениците. За проктите Спречување на дискриминација и Ненасилно однесување во училиштата се изготвуваат годишни програми и истите се реализираат со сооодветни активности подржани од тимовите на овие проекти. Проектот „Иднина“ кој е финансиран од Еразмус+ програмата во нашето училиште е започнат со реализација во 2018 и ќе трае до 2021 година. Во проектот се вклучени пет училишта од пет различни држави и тоа: Македонија, Полска, Турција, Литванија, и Португалија. Главни цели на проектот се: подобрување на математичките вештини со кодирање, алгоритми и математички размислувања, стекнување вештини за полесно кодирање, основи на роботика - Ардунио и М Блок, интернет алатки и употреба на Web 2.0 и интернет во секојдневната работа, усовршување комуникација и странски јазици и повеќето од нив досега се остварени преку обуки и дисеминации спроведени во училиштето. Проектот „Една мисија, една визија, еден фокус“ кој исто така е финансиран од Еразмус+ програмата во нашето училиште е започнат со реализација од 1 Септември 2019 година и ке трае две години се до 31.08.2021 година. Во проектот се вклучени шест училишта од шест различни држави-Романија, Италија, Полска, Турција, Словачка и Македонија. Цел на проектот е инклузивно образование на ученици кои имаат потешкотии во учењето. Во проектот ќе бидат вклучени ученици од ранливите групи категории како и деца со дислексија, дисграфија, дискалкулација, аутизам и сл. Нашето училиште од 2019 година аплицираше и во конкуренција од повеќе училишта од Европа ја доби ознаката за е-Твининг училиште. Како е-Твининг училиште училиштетето ќе биде препознаено на картата на европсклите училишта како училиште со развиени иновативни методи, техники и ИКТ алатки во наставата. Посебно заслуга за оваа награда има целиот воспитно-образовен кадар во училиштето со подршка од директорот на училиштето, кои неуморно работат и соработуваат се со единствена цел- подобра и иновативна настава.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Наставни планови и програми за тековните учебни години • Записници од стручни активи на училиштето • Записници од родителски средби • Тематски планирања • Разговор со наставници – родители • Записници од Наставнички совет • Анкети со наставници, родители и ученици • Програма со системска промена добиена од БРО, во согласност со МОН	***Индикатор за квалитет:*** **1.2. Квалитет на наставните планови и програми** Наставниците од одделенска и предметна настава при изработка на своите планирања имаат голема меѓусебна соработка. Во своите годишни и тематски планирања имаат интегрирано активности со содржини од проектите МИО и ЕКО. Бидејќи сите наставници се едуцирани за работа со компјутети, тие исто така активно изведуваат содржини со вклучување на ИКТ во наставата. Од месец Март 2020 година па се до завршувањето на 2019/2020 учебната година, поради пандемијата со Корона вирусот(Ковид 19,) наставниот кадар држеше онлајн настава. И покрај новонаснатата ситуација наставниот кадар успешно се снајде за реализирање на ваков вид на настава иако претходно повеќето од наставниот кадар немаа вакво искуство. Од увидот во нивните планирања се гледа дека наставниците покажуваат креативност, односно за реализација на наставата ги користат сите форми, методи и техники на работа, изработуваат нагледни средства за реализација на поквалитетна и современа настава, а што се однесува на домашните задачи, тие секогаш се соодветни на потребите и можностите на учениците. Исто така со наставните содржини кои се дел од наставниот план и програми се обезбедува еднаквост на сите ученици, без разлика на полот, етничката, верската и социјалната припадност. Овие содржини најзастапени се во: Образование за животни вештини, Еколошка едукација во македонскиот образовен систем, Меѓуетничката интеграција, Етика, Етика на религиите и други предмети, преку реализација на одредени теми на часовите на одделенските раководители и преку соработка со Педагошко-психолошката служба. Се реализираат проектни активности преку кои учениците се запознаваат со културните и верските различности. За реализацијата на наставните планови и програми наставниот кадар посетува семинари, обуки и работилници, кои ги организира БРО и МОН и стекнатите знаења од нив ги пренесува на останатите наставници преку дисеминација.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Годишна програма за работа • Годишни планирања • Работен дневник • Е-дневник • Разговор со директорот • Анкетни листи од наставници, ученици и родители • Педагошка евиденција и документација • Пофалници, благодарници, дипломи • Разговор со стручна служба	***Индикатор за квалитет:*** **1.3. Воннаставни активности** Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Учеството на учениците во воннаставните активности се остварува во зависност од нивните потреби, интереси и можности, без разлика на полот, етничката припадност и социјалното потекло. Во училиштето с е организирани разновидни воннаставните активности: драмска секција, спортски активности, еколошки активности, ликовни активности, музички манифестации, работа на проекти, учество на натпревари, размена на искуства со ученици од други училишта надвор од државата. Учениците се вклучуваа во воннаставните активности по сопствен избор и даваат свои предлог-содржини во планирањето на воннаставните активности. Најголем дел од испитаните наставници, ученици и родители се согласни дека училиштето реализира воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен и социјален развој. Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и постигаат високи успеси на натпревари од различни области, што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво. За сите постигнати резултати учениците секогаш се јавно пофалени и наградени. Афирмацијата на училиштето се врши преку освоени награди од натпревари и конкурси, учество во манифестации и настани по разни поводи и сл. а сето тоа јавно се објавува на училишниот блог, на станата на Општината и на други достапни страни. Во однос на придобивката од реализацијата на воннаставните активности, од анкетните листови за наставници, ученици и родители се заклучува дека учениците развиваат нови знаења и вештини за музика, спорт, уметност, но и за сите останати предмети кој што ги изучуваат. При тоа освојуваат награди, лично се афирмираат со кое нешто го афирмираат и самото училиште.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците • Евидентни листи на директор и стручни соработници • Записници на стручни активи на училиштето • Годишна програма за работа на училиштето	***Индикатор за квалитет:*** **3.1. Планирања на наставниците** Наставници имаат годишни, тематски (месечни) и дневни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни насоки (кои се очекуваните исходи од учењето). Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците. Ваквите планирања, наставниците ги изготвуваат за задолжителните и изборните предмети, за додатна и дополнителна настава, како и за часот на одделенската заедница. Изготвените планирања се доставени до стручната служба, која води евиденција и дава насоки за евентуални корекции. Воочливо е дека постои одредена некординираност помеѓу наставниците од предметна настава, во делот на писмените проверки (писмени работи, тестови итн) и секојдневно се работи на тоа да се надмине овој проблем со секојдневни укажувања од страна на директорот и стручната служба од причина што учениците честопати се наоѓаат во расчекор за кое нешто прво да се подготвуваат. Годишните и тематските (месечните) планирања се доставуваа во печатена форма во стручната служба во училиштето и секојдневно се на увид. Во текот на учебната година се прави увид во дневните подготовки на наставниците при посета на час од страна на директорот, стручната служба, просветен инспектор или советник од БРО на РСМ. Опсервацијата се прави преку формулар за посета на час и на тој начин наставниците добиваа увид во успешноста на часот. Дневните подготовки ги содржеа сите потребни елементи за успешна реализација на наставната содржина. Наставниците во своето годишно и тематско планирање имаа предвидено часови со примена на ИКТ во наставата со најмалку 33% застапеност. Распоредот на часови за одделенска настава го прават наставниците од одделенска настава, распоредот за предметна настава го изготвуваше наставникот по математика Ненко Иванов во консултации со другите наставници, а распоредот за подрачните училишта го правеа раководителите на истите. При изготвување на распоредот се води сметка за искористеноста на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу одделенијата и часовите за дополнителна и додатна настава.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Работен и Е-дневник • Педагошка документација • Досие на ученици • Годишни, тематски, дневни планирања • Анкетни листови • Инструмент за следње и вреднување на изведбата на наставниот час • Извештаи од еко-акции • Сертификација на наставници • Извештаи од активности каде се користат ралични методи и техники за реализирање на наставните содржини	***Индикатор за квалитет:*****3.2. Наставен процес** При реализација на наставата постои разновидност во примената на адекватни наставни форми, методи и техники на работа во зависност од содржината на наставниот материјал и креативноста на наставникот. Од формите за работа наставниците ги користеа фронталната, групната и работа во пар (тандем) а од наставните методи монолошка, дијалошка, текст-метод, демонстрација, експеримент и друго. Често и успешно се користат и методите и стратегиите за развивање на критичкото мислење. Поголемиот дел од наставниците при реализација на наставните содржини ги користат и техниките: петторед, грозд, вокабулар во четири агли, коцка, бинго, дебатна техника, аквариум, стоп техника, читање на глас и др. како и употреба на компјутерите во наставата. Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците (поставување на прашања, водење дискусии, индивидуална настава и друго во зависност од наставната содржина и можностите на ученикот). Се користат информации од интернет до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ-проект, кој потоа го презентираат пред соучениците и ученици од други училишта. Учениците се запознаени со целите на наставата и учењето. Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура на идеи и други. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка. Учениците (машки и женски) имаат подеднаков третман во секој поглед и нема стереотипи за нивните активности. Наставниците ги споделуваат со учениците целите на реализација на еколошки проекти и точките на акција. Заеднички се подготвуваа за собирни акции на пластична амбалажа, стара хартија и тетрапак амбалажа. Еко-патролите редовно ја следеа состојбата на терен. Исто така, во изминатиот период се реализираа поголем број на самостојни МИО активности, како и одредени заеднички активности со ученици и наставен кадар од партенер училиштето.

• Употреба на одредени методи и техники во наставата преку алатките од проктот „Иднина“ и „Една мисија, една визија, еден фокус“	Со проектот „Иднина“ ќе се воведат нови методи и техники во наставата преку подобрување на математичките вештини со кодирање, алгоритми и математички размислувања, стекнување вештини за полесно кодирање, основи на роботика - Ардунио и М Блок, интернет алатки и употреба на Web 2.0 и интернет во секојдневната работа, усовршување комуникација и странски јазици и повеќето од нив досега се остварени преку обуки и дисеминации спроведени во училиштето. Во проектот „Една мисија, една визија, еден фокус“ главна цел е инклузивното образование на ученици кои имаат потешкотии во учењето. Во проектот ќе бидат вклучени ученици од ранливите групи категории како и деца со дислексија, дисграфија, дискалкулација, аутизам и сл. Во периодот од март 2020 година па се до завршувањето на учебната година, поради пандемијата со Корона вирусот (Ковид 19) учениците наставата продолжија да ја следат онлајн. Од анкетираните наставници и ученици поголемиот дел од нив одговориле дека активно се вклучиле во онлајн наставата и наставниците имаат повратни информации од учениците. Исто така поголемиот дел од испитаните наставници и ученици се согласни дека дококу повторно има онлајн настава, ќе ги користите алатките предложени од МОН И БРО на РСМ (ЕДУИНО, ZOOM и други). Може да се напомене дека од анкетираните наставници, родители, ученици и стручни соработници поголемиот дел немаат позитивно мислење за онлајн наставата оносно сметаат дека подобри резултати може да се постигнат со физичко присуство на учениците. Наставниците немаат доволно обуки за изведување на онлајн наставата.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Годишни извештаи • Постигнат успех евидентиран во работен дневник и Е-дневник • Евидентни листи за следење на наставен час • Анкетни листови	***Индикатор за квалитет*: 3.3. Искуства на учениците од учењето** Учениците ги доживуваат училниците како и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина. Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и е применливо и корисно во реалниот живот. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Не постои родова поделеност во училиштето. Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Трудовите на учениците транспарентно се изложуваат во училницата и во холот на училиштето. Учениците земаа активно учество во проектни активности преку набљудување и истражување, еко-трибини, натпревари, квизови, дебати и друго. Еколошката свест на учениците континуирано се проширува преку еко-активности, изготвување на постери за здрава храна и екологија, предавања за здрава храна и физичка активност од стручни лица и друго. Исто така и свеста на учениците за меѓуетничка интеграција е се на повисоко ниво преку активностите на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. Континуирано се работи и на професионалната ориентација на учениците, училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Психолозите во училиштето во соработка со психологот од СОУ „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка работат на утврдување на општ Г-фактор на интелигенција и според тоа ги насочуваат учениците во изборот на ниваната идна професија. Исто така средните стручни училишта континуирано во месеците Април и Мај вршат презентации пред учениците.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Извештаи за постигањата на учениците по класификациони периоди • Разговор со стручни соработници • Анкетни листови • Индивидуални образовни планови	***Индикатор за квалитет:*** **3.4. Задоволување на потребите на учениците** Образовните потреби на учениците се идентификуваат за време на наставата преку: следење на активностите на учениците на наставните часови, анализа на постигнатиот успех, резултати од писмени проверки, писмени задачи, работни листови, учество во изработка на проекти преку истражување и набљудување, изборна и дополнителна настава и вклученост во слободни ученички активности. На тој начин на учениците им дадовме можност да развиваат одговорност за своето однесување, развој на мислењето, самодовербата, самостојноста и друго. Наставниците ги прилагодуваа наставните содржини спрема можностите и интересите на учениците и на тој начин учениците ги развиваа своите потенцијали најдобро што можат. Најчесто недостасуваат или пак се во мал број воспитните содржини. Врз основа на добиените податоци од спроведената анкета поголемиот дел од наставниците сметаат дека секогаш добиваат подршка од директорот, помошник директорот и стручната служба за задоволување на индивидуалните образовни потреби на учениците. Континуирано се спроведуваа стручни консултации меѓу наставниците, директорот и стручната служба, се организираа семинари, се вршеше размена на искуства и идеи меѓу наставниците. Голема поддршка беа и посетените семинари организирани од МОН, БРО, УСАИД и други институции и здруженија. Во поголем дел недостасуваат професионални обуки за стручната служба во училиштето.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Извештаи за постигањата на учениците по класификациони периоди • Записници од Наставнички совет и Совет на родители • Годишна програма за работа на училиштето • Стандарди за оценување • Критериуми за оценување • Педагошка евиденција и документација • Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи) • Електронски дневник • Евидентни листови • Свидетелства • Анкетни листови	***Индикатор за квалитет:*** **3.5. Оценувањето како дел од наставата** Оценувањето на учениците се вршеше според критериумите и стандардите за оценување, пропишани од БРО на РСМ. Со истите, учениците се запознаваа на почетокот на учебната година, а родителите се информираа на првата родителска средба. Учениците се оценуваа бројчано и описно врз основа на усното изразување и резултатите добиени од тестови, контролни задачи, писмени работи и слично. Учениците од I до III се оценуваа описно, од IV до VI се оценуваа описно на првиот и третиот класификационен период и бројчано со оценки на крај од првото полугодие и на крај од учебната година. Учениците од VII до IX се оценуваа само со бројчани оценки во сите класификациони периоди. Поведението на учениците се оценуваше како примерно, добро и незадоволително. Поголем дел од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно). Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, а добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е јавно, праведно и транспарентно. Поголемиот дел од анкетирани наставници, родители и ученици сметаат дека при оценувањето се води сметка за индивидуалното напредување на учениците. Исто така анкетираните ученици и родители сметаат дека наставниците објективно ги вреднуваат ученичките знаења. Секој наставник водеше евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците, како и извештаи и анализи за секој класификационен период. Наставниците ги користеа информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето во наставата.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Пописни листи • Годишна програма за работа на училиштето • Записници од Наставнички совет • Записници од Училишен одбор	***Индикатор за квалитет*:** **6.1. Сместување и просторни капацитети** Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје и има три училишни објекти, од кој што еден училишен објкт се користи за паралелките на основното музичко училиште. Во состав на училиштето се уште девет подрачни училишта и тоа: с.Станци, с.Дурачка Река, с.Узем, с.Жидилово, с.Огут, с.Нерав, с.Луке, с.Подржикоњ, с.Дубровница. Како во централниот објект така и во подрачните објекти училиштето со својот просторен капацитет ги исполнуваше потребите на учениците. Големината на училниците одговараше на бројот на ученици по паралелки и на потребите за современата настава, бидејќи истите во најголема мера беа добро опремени со потребни технички помагала и нагледни средства. Сите можни просторни капацитети со кои располага училиштето, максимално се искористуваат во реализација на наставата и воннаставните активности со јасен план и распоред.

Област 1. Организација и реализација на наставата и учењето

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Пописни листи • Годишна програма за работа на училиштето • Работен дневник на библиотекар • Записници од Наставнички совет • Записници од Совет на родители • Записници од Стручни активи	***Индикатор за квалитет:*** **6.2. Наставни средства и материјали** Наставниот процес во училиштето се одвива со примена на современи наставни средства и материјали кои континуирано се набавуваа и обновуваа. Училниците се опремени со компјутери и имаат интеренет конекција, која овозможуваше примена на современи методи во наставата. Сепак треба да се напомене дека интернет конекцијата е слаба на периоди и се работи на набавка на оптички кабел но и покрај тоа треба да се земе во предвид умешноста на наставниот кадар кој успешно ги реализираше предвидените наставни содржини. Применливоста на наставните средства и материјали се следеше преку посета на наставни часови од страна на директорот, стручната служба и советници од Биро за развој на образованието. Училишната библиотека располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектири, стручна литература, енциклопедии и други видови книги кој со рационална употреба ги задоволуваа потребите на учениците но не и на наставниците и стручните соработници а ова го потврдуваат и одговорите од анкетниот прашалник. Во согласност со планот и програмата на училиштето навремено се обезбедуваше потрошен материјал во потребната количина, за непречена реализација на наставните и воннаставните активности.

Позитивни страни

- Навремено изготвување и донесување на Годишната програма за работа на училиштето со која се планира целокупната дејност на училиштето
- Во своите планирања наставниците имаат критериуми и стандарди за оценување, интегрирани содржини за еколошка едукација, содржини од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието како и примена на ИКТ содржини во наставата
- Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми
- Наставниците навемено изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на настава кои ги доставуаат навремено во стручната служба во училиштето
- Водење педагошка документација и Е-дневник
- Постојан висок среден успех на ниво на училиште
- Јавно и транспарентно оценување на учениците, редовно информирање на родителите и сите ученици редовно си ја завршуваат наставната година
- Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот
- Високи резултати и успеси во постигнувањата во наставата и воннаставните активности
- Спроведување на програмата за советување со родители на ученици и ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, имаат намален успех или имаат несоодветно однесување
- Инклузија на учениците со посебни потреби, формиран инклузивен тим за секој ученик со посебни потреби посебно, постои процедура за изготвување на ИОП (индивидуализиран пристап, соработка со родители и стручни соработници, соработка со соодветни институции).
- Грижа за здравјето и безбедноста на учениците
- Се води грижа да се излезе во пресрет на потребите на учениците, не само на образовен план туку и на социо-емоционален план. Клучна улога во овој процес имаат одделенските раководители и наставниците, во соработка со стручните соработници, преку непосредна комуникација со учениците и соработка со родителите. Стручните соработници реализираат стручно - консултативни средби со наставниците, советодавна работа со учениците, соработка и советодавна работа со родители, ако се укаже потреба за повисок степен на помош, родителите се упатуваат кон соодветни институции
- Следење на современи текови во образованието
- Училиштето е секогаш отворено за соработка со родителите
- Училиштето има блог на која се објавуваат сите потребни информации поврзани со работата на училиштето и постигањата на учениците

Слаби страни

- Оптовареност на учениците со голем фонд на часови
- Нема постојана интернет конекција
- Недостасува реализација на отворени часови, организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства
- Потребно е обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите, особено во подрачните училишта
- Училишната библиотека не располага доволно со стручна литература, која би им служела на стручните соработници за поквалитетна, и поиновативна работа
- Недоволен број на обуки за наставниците и стручните соработници особено за онјалн настава
- Наставниците се недоволно едуцирани за работа со деца со посебни образовни потреби и потешкотии во учење, кои се вклучени во редовна настава и за изработка на ИОП;
- Поради дотраената и оштетена компјутерска технологија, наставниците наидуваат на потешкотии во реализирањето на часовите, во кои има предвидено ИКТ содржини
- Дотраени музички инструменти
- Намалување на вкупниот број на ученици
- Немање услови за кабинетска настава и недоволен број на дидактички материјали,

Приоритети

• Годишна програма за работа на училиштето • Полугодишен и годишен извештај на училиштето • Анкетни листови • Работен дневник на педагог и психолози • Записниици од Наставнички совети • Записници од Одделенски совети • Записници од стручни активи	***Индикатор за квалитет: :*** **1. Комуникации на ниво на училиште** Позитивната клима во училиштето се должи на пријатната работна атмосфера и добрата соработка меѓу стручната служба и наставниците. Од анкетираните наставници, најголем дел се согласуваат дека стручните соработници им давале целосна поддршка во изработка на планирањата, организацијата и реализацијата на наставните часови, поддршка и помош при решавање на конфликтни ситуации, идентификување на деца со посебни потреби, емоционални и други потешкотии. Стручните соработници им даваа помош и подршка на наставниците-почетници, како и поддршка на заедничкото работење во стручните тимови на училиштето. Целта на комуникацијата на стручната служба со наставниците беше постигнување на резултати, соработка и пријателски однос. Повеќето наставници во рамки на одделенските совети и стручните активи континуирано работеа на унапредување на воспитно-образовните активности во Училиштето. Таа соработка се одвиваше преку размена на искуства и идеи на ниво на стручни активи, дисеминација по спроведени обуки на ниво на училиште, стручни средби и слично. Оваа констатација е подкрепена со резултатите од спроведената анкета за наставници, при што во целост наставнците се согласуваат дека постои меѓусебна соработка. Планираните состаноци на Наставнички совет, Одделенските совети и Советот на паралелката, како и стручните активи се одржуваа согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето и на истите се даваа конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето. Одделенските совети се одржуваат редовно пред секоја родителска средба (по два пати во едно полугодие и по потреба). На одделенските совети, одделенските раководители ги изнесуваат успехот и редовноста на учениците. Наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потеба, донесуваа заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување. На состаноците на стручните активи кои се одржуваа континуирано во текот на учебните години се преземаа активности за подобрување на квалитетот на наставата. Се даваа предлози за подобрување на дневните подготовки и примена на нови наставни методи, техники и форми на учење, предлози за меѓупредметна интеграција, како и распределба на наставните часови по наставници.

Област 5. Комуникации и односи со јавноста

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Годишна програма за работа на училиштето • Полугодишен и годишен извештај на училиштето • Записници од Совет на родители • Анкетни листови • Евиденција од посетени часови од страна на Директорот и стручната служба • Службена евиденција на педагошко -психолошка служба	***Индикатор за квалитет:*** **2. Комуникации на ниво на училница** Реализацијата на воспитно-образовниот процес во училниците е на високо ниво. Постоеше д о б р а комуникација меѓу ученик-ученик, наставник-ученик и стручен соработник-ученик. Секој наставник ја почитува личноста на секој ученик, неговите развојни потреби, когнитивни способности и неговиот пристап во процесот на учење и поучување. Постоеше заемна соработка меѓу наставниците и учениците и добра комуникација меѓу самите ученици, како и заемна почит, поддршка, еднаков пристап, без разлика на полот, етничката припадност и социјалното потекло. Постои инклузија на учениците со посебни потреби и со нив се работи според нивните можности и за секој ученик има изготвено ИОП-Индивидуален образовен план. Од анкетираните ученици, повеќето се изјасниле дека секогаш наставниците во училиштето создаваат пријатна и работна атмосфера, редовно даваат усна или писмена повратна информација за нивните знаења и за она што треба да научат, дека се сослушувани и почитувани од наставниците без разлика на полот и националната припадност. Од искажувањата на учениците и од спроведената анкета, повеќето од учениците се изјасниле дека комуникацијата меѓу учениците е многу подобрена. Меѓусебно соработуваат при совладувањето на одделни наставни содржини и заемно си даваат помош и поддршка при реализацијата на училишните активности. Учениците потполно се согласуваат дека во целост се запознаени со целокупната работа што ја извршува стручната служба во училиштето, редовно им даваат стручна помош при појава на тешкотии во процесот на учење и помош за било кој друг проблем во училиштето и надвор од него. Стручната служба дава помош и поддршка во подобрувањето на успехот, дисциплината и редовноста на учениците преку индивидуални разговори со учениците, наставниците и родителите. Недостасува поголема застапеност во воспитната компонента во Училиштето

Област 5. Комуникации и односи со јавноста

Документи кои се проследени	Кои информации се собрани?
• Годишна програма за работа на училиштето • Полугодишен и годишен извештај на училиштето • Записници од Совет на родители • Анкетни листови • Службена евиденција на педагошко-психолошка служба	***Индикатор за квалитет:*** **3. Комуникација со опкружувањето на училиштето** Комуникацијата на училиштето со родителите на учениците континуирано се одвива преку родителски средби, индивидуални и групни разговори, Советот на родители, работилници, проекти и организирани посети во училиштето и надвор од него. Родителите навремено се информираа за постигањата на учениците од евидентните листи, свидетелствата, работниот дневник на паралелката, Е-дневникот, дипломи, признанија и слично. Преку стручна и советодавна помош, стручната служба на училиштето остваруваше индивидуални разговори со родителите чии деца имаа потешкотии во учењето, неодговорно однесување, нередовно доаѓање на училиште и друг вид проблем за кој родителите имаа потреба. На спроведената анкета повеќето од родителите се изјасниле дека наставниците благовремено ги известуваат за однесувањето на нивното дете и поголемиот дел од наставниците имат еднаков и правичен однос кон сите ученици без разлика на родовата и социјалната припадност. Училиштето имаше континуирана соработка со релевантните институции од областа на воспитно-образовната дејност преку посетување на семинари, обуки и проекти организирани од МОН и БРО. Соработката со ДПИ се остваруваше преку редовните контроли од страна на просветните инспектори за воспитно-образовната работа во училиштето и педагошката евиденција и документација.

	Меѓусебната комуникација на училиштето со институциите на Локалната самоуправа, Градоначалник и Совет на Општина Крива Паланка, се остварува преку одбележување на значајни датуми, настани, учество на заеднички манифестации и манифестации организирани од Општината, аплицирање во проекти, средби и состаноци, кои беа важни за подобрување на начинот за работа и условите за работа на училиштето. Активно соработуваме со ЈУДГ „Детелинка“- Крива Паланка, ООУ „Илинден“ – Крива Паланка, СОУ „Ѓорче Петров“ – Крива Паланка. Се учествува на прослави и програми организирани од страна на споменатите училишта, се промовира нашата традиција и култура. Исто така и тие учествуваат или ги следат нашите програми по разни поводи како на пример училишен патронат. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. Постои се поголема соработка и со училишта надвор од нашата држава преку проекти од Еразмус + програмата.

Област 5. Комуникации и односи со јавноста

Позитивни страни

- Добра соработка на стручните соработници со наставниците и родителите
- Добро воспоставена комуникација помеѓу наставник-наставник, наставник-ученик, наставник-родител, наставник-директор и сите чинители на воспитно-образовната дејност
- Постои позитивна клима и добра атмосфера во училиштето
- Редовни состаноци на Наставничкиот совет, стручни активи, Одделенски совети и училишна заедница
- Почитување на личноста на ученикот и еднаков третман на сите ученици
- Воспоставена добра комуникација со Локалната самоуправа
- Успешно учество на сите локални манифестации
- Добра соработка со институции од областа на културата, здравството, социјални и образовни институции
- Добра комуникација на училиштето со институции од централно ниво (МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ)
- Отвореност за вклучување во проекти

Слаби страни

- Организирање на повеќе работилници со родителите на кои заеднички ќе се дискутира и зазема став во однос на воспитувањето и образованието на учениците
- Потреба од поголема вклученост на родителите во училиштето.
- Слаба комуникација со бизнис-секторот
- Недоволна и слаба комуникација со потецијални донатори

Приоритети

- Поголема вклученост на родителите во проектите на кои работи училиштето
- Поддршка на процесот за партнерство на училиштето со деловната заедница и бизнис секторот

Резултатите од спроведената анкета за наставници се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Директорот и стручните служби навремено и транспарентно ги известуваат наставниците за сите активности во училиштето	0	4	29	26	1
2. Квалитетно и добро соработувам со колегите од моето училиште	0	5	32	23	0
3. Постои меѓусебна почит меѓу наставниците и учениците	0	8	38	14	0
4. Во училиштето постојат пишани документи истакнати на јавни места со кои се одредуваат правата и обврските на учениците и наставниците	0	2	27	30	1
5. Наставниците имаат еднаков и правичен однос кон сите ученици без разлика на родовата и социјалната припадност	0	4	27	28	1
6. На родителите им давам јасни упатства како можат да им помогнат на своите деца во учењето	0	1	23	36	0
7. Училиштето има комуникација со бизнис-секторот60	0	5	40	6	9
8. Родителите се вклучени во активностите од Проектот меѓуетничка интеграција	0	5	34	14	7

Резултатите од спроведената анкета за ученици се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Навремено сум информиран за сите активности во училиштето	1	10	64	12	5
2. Соработувам и се дружам со учниците од моето училиште и паралека	1	1	65	24	1
3. Постои меѓусебна почит меѓу наставниците и учениците	2	6	67	12	5
4. Во училиштето се запознавам со моите права и обврски	2	5	68	16	1
5. Наставниците имаат еднаков и правичен однос кон сите ученици без разлика на родовата и социјалната припадност	5	8	60	14	5
6. Моите родители се навремено информирани за моите постигања во училиште	2	2	65	19	4

Резултатите од спроведената анкета за родители се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Наставниците благовремено ме известуваат за однесувањето на моето дете	0	1	124	53	0
2. Наставниците имат еднаков и правичен однос кон сите ученици без разлика на родовата и социјалната припадност	6	12	115	34	11
3. Учениците имаат можност да ги промовират своите лични постигнувања во училиштето и надвор од училиштето	1	12	128	27	10

ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

4. Информиран сум за правата и обврските на моето дете	0	6	128	43	1
5. Во училиштето се почитуваат правата на децата	0	11	128	33	6
6. Моето дете е безбедно во училиштето	0	7	129	32	10
7. Моето дете сака да оди во училиште	0	1	105	72	0
8. Родителските средби се добро осмислени	0	8	121	46	3
9. Имам добра соработка со одделенскиот раководител на моето дете	1	1	88	87	0

Резултатите од спроведената анкета за стручните соработници се следни:

	Не се согласувам	Неодредено	Се согласувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Директорот навремено и транспарентно ги известува наставниците за сите активности во училиштето	0	2	2	1	0
2. Квалитетно и добро соработувам со колегите од моето училиште	4	0	1	0	0
3. Постои меѓусебна почит меѓу сите структури во училиштето4	4	0	1	0	0
4. Во училиштето постојат пишани документи истакнати на јавни места со кои се одредуваат правата и обврските на учениците и наставниците	2	2	1	0	0
5. На родителите им давам јасни упатства како можат да им помогнат на своите деца во учењето	0	0	5	0	0
6. Училиштето има комуникација со бизнис-секторот	4	0	1	0	0
7. Родителите се вклучени во активностите од Проектот меѓуетничка интеграција	2	0	3	0	0

Област 6. Училишна клима и култура

Индикатори:

4.1. Севкупна грижа за учениците

4.2. Здравје

4.3. Советодавна помош за понатамошно образование

5.1. Училишна клима и односи во училиштето

5.2. Промовирање на постигањата

5.3. Еднаквост и правичност

6.5. Финансиско работење во училиштето

7.2. Цели и креирање на училишна политика

7.3. Развојно планирање

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• **Анкетни листови** • **План за евакуација** • **Работен дневник** • **Записници систематски прегледи** • **Правилник** • **Предавања од стручни лица** • **Службена евиденција на педагошко-психолошка служба**	***Индикатор за квалитет:*** **4.1. Севкупна грижа за учениците** За безбедноста и заштитата на учениците и сите вработени во училиштето има изработен план за движење при евакуација, кој се однесува на безбедноста во училишната зграда и безбедноста во училишниот двор за време на часовите и одморите. Планот за евакуација е поставен на видни места во училиштето со поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат како да се стигне до нив. Во училиштето има поставено и видео надзор, сé со цел зголемување на безбедноста на сите присутни во училиштето. Во однос на безбедноста на учениците од спроведената анкета меѓу наставниците, учениците и родителите, повеќето се изјаснле дека училиштето секогаш обезбедува заштита и безбедност на учениците, преку програмата за Безбедни училишта која програма се работи неколку години кај нас.Грижата за здравјето и развојот на учениците редовно се одвиваше од страна на наставниците и сите вработени во училиштето, преку постојано одржување на хигиената во училиштето, дезинсекција, дезинфекција и дератизација, редовните систематски прегледи на учениците и вработените, вакцини и ревакцини и едукација за здрава исхрана. Ова можеме да го потврдиме од спроведената анкета во која повеќето од наставниците, учениците и родителите се изјасниле дека во училиштето секогаш се води грижа за здравјето на сите преку одржување и уредување на училишниот простор. Исто така, и педагошко-псхолошката служба континуирано спроведуваше работилници од областите: заразни болести, злоупотреба на алхохол, цигари и дрога, конфликти, перцепции, предрасуди и стереотипи, безбедно на интернет, сајбернасилство, врсничко насилство-булинг, превенција од насилно однесување и слично. Училиштето рамноправно им дава можност за презентирање на знаењата и умеењата на учениците од двата пола и со различни способности почитувајќи ги нивните посебни афинитети**.** Наставниците, директорот и стручните соработници соработуваат со детскиот парламент и детскиот правобранител во училиштето кои што се вклучени во сите сегменти каде што е потребно. Учениците од нашето училиште чие што место на живеење е оддалечено најмалку два километри од училиштето имаат право на бесплатен превоз. Исто така и учениците со попреченост и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченота на нивното место на живеење до основното училиште. Во соработка со општинската организација на „Црвен крст“, Крива Паланка но и други невалдини организациии редовно се спроведуваат хуманитарни активности и собраните средства се донираат на ученици на кои што тоа им е најпотребно.

Област 6. Училишна клима и култура

• Анкетни листови • Работен дневник • Записници од систематски прегледи • Предавања • Службена евиденција на педагошко-психолошка служба	**Индикатор за квалитет:** **4.2. Здравје** Двапати во текот на учебната година, а и по потреба, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории. Хигиената во училиштето се одржуваше редовно во училниците, ходниците и во училишниот двор. Кај учениците се развива навика за редовно миење на рацете и одржување на хигиената на работното место. Во тоалетите и на други видни места се закачени постери на кои е прикажано како се одржува хигиената. Од анкетните листови се констатира дека повеќето од наставниците, учениците и родителите сметаат дека секогаш се води грижа за хигиената низ училишните простори. Грижата за здравјето на учениците се водеше континуирано во соработка со ЈЗУ Здрасвтен дом- Крива Паланка - оддел за училишна возраст, „Заводот за здравствена заштита“ и „Центарот за јавно здравје“. Во стручната служба во училиштето редовно се води евиденција на ученици кои се со посебни потреби, ученици кои потекнуваат од самохрани семејства, на разведени или починати родители, но и за талентирани и надарени ученици. Одделенските раководители и стручната служба на училиштето и м даваа поддршка на учениците со ниска самодоверба, емоционални проблеми, помагаа во разрешување на конфликти меѓу учениците и разговораа со ученици, кои манифестираа асоцијално однесување. На работилниците, учениците стекнуваа знаења и вештини за адолесценција, развиваа самодоверба и комуникациски вештини, позитивно управување со емоциите, унапредување на односите со врсниците и поставување на цели за здрав живот. Исто така учениците во соработка со стручната служба во училиштето имаа можност да организираат предавања пред дугите ученици на одредени теми.

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Флаери • Анкетни листови • Презентации од средни училишта • Службена евиденција на педагошко-психолошка служба	***Индикатор за квалитет:*** **4.3. Советодавна помош за понатамошно образование** Учениците добиваа помош и насоки за понатамошното образование како и соодветни брошури, флаери, а се вршеа и презентации сé со цел да им се олесни изборот на учениците за професионална ориентација. Навремено беа информирани за планираните презентации од средните училишта во градот и пошироко за изборот на нивното понатамошно образование, за условите за упис и наставните програми во истите. Во учебната 2019/2020 година поради пандемијата со Корона вирусот(Ковид 19), учениците следеа онлајн настава од Март 2020 година па се до завршувањето на учебната година при што презентациите беа спроведени онлајн. Можеме да заклучиме дека во училиштето постоеше добро воспоставен систем на информирање на учениците за професионална ориентација. Во Училиштето секоја година во месец Мај се врши испитување на општ Г гактор на интелегенција кај учениците од деветто одделение кои доброволно се пријавуваат за тестот и во зависност од добиените резултати психолозите ги насочуваат за избор на нивната идна професија.

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Куќен ред • Кодекс на однесување • Еко-кодекс • Анкетни листови • Правилник за педагошки мерки • Извештаи • Распоред за дежурства	***Индикатор за квалитет:*** **5.1. Училишна клима и односи во училиштето** Во училиштето постоше позитивна атмосфера на заемно почитување и соработка, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето и постоеше професионална соработка меѓу вработените. Доследно се почитуваа и применуваа Куќниот ред, Кодексот на однесување и Еко-кодексот од страна на наставниците, учениците, родителите и останатите вработени во училиштето. Вработените се стремеа кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, поддржувајќи ја инклузивноста и градеа професионален став кон основната цел - едукација на учениците. Повеќето анкетирани ученици сметаат дека постои заемно почитување, соработување и другарување меѓу сите ученици, независно на кој пол или етникум припаѓаат. Дисциплината и поведението во училиштето беа на задоволително ниво и постоеше работна атмосфера во текот на наставата и воннаставните активности. Од анкетираните учениците поголемиот дел одговориле позитивно дека за агресивноста, нетрпеливоста, нетолеранцијата и други недолични однесувања на учениците во училиштето отворено се разговара и секогаш наидуваат на подршка кога имаат некој проблем. Училиштето имаше пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со Кодексот за однесување и според Правилникот за изрекување на педагошки мерки се изрекуваа соодветни педагошки мерки на учениците, не секој пат. Исто така, во училиштето има и Правилник за пофалби и награди на учениците кои постигнуваа високи резултати во разни области со пропусти. Наставниците и сите вработени во училиштето водеа грижа за однесувањето и безбедноста на учениците во текот на наставата и одморите. Изготвен беше распоред за дежурства на наставниците кои дежураа на влезот, по ходниците на училиштето и на останатите места на кои фрекфенцијата на учениците беше голема пред почетокот на наставата, на одморите и по завршувањето на наставните часови.

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Полугодишни и годишни извештаи • Дипломи • Признанија • Пофалници • Евидентни листови • Флаери	***Индикатор за квалитет:*** **5.2. Промовирање на постигањата** Училиштето става голем акцент на промовирање на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Наставниците ги мотивираат учениците, ги потикнуваат да учествуваат на разни конкурси, училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари, каде истите постигнуваат солидни резултати, само по одредени предмети. Личните изработки и трудови на учениците се изложуваат на јавни места во училиштето, во кабинетите, училишните холови, училишниот блог, веб страната на општина Крива Паланка. Успехот на учениците што го постигнуваа по наставните предмети во текот на учебната година се разгледуваше и промовираше преку извештаите по класификациони периоди, на Училишен одбор, на Наставнички совет, Совет на родители и на родителските средби. Училиштето имаше развиен систем за наградување на учениците (Правилник за наградување и пофалување на учениците) преку кои јавно и транспарентно се следеа постигањата на учениците и се наградуваaа, на крајот на учебната година согласно Инертниот правилник за пофалби и награди на Наставнички совет се избира и ученик на генерација.

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Проект за Меѓуетничка интеграција на образованието • Проект за недискриминација во училиштето • Училишно планирање Анкетни листови • Проект за Интеграција на еколошка едукација во македонскиот обарзовен систем	***Индикатор за квалитет:*** **5.3. Еднаквост и правичност** Училиштето промовираше еднаквост и правичност меѓу учениците, се почитуваа подеднакво машките и женските ученици, без разлика на етничката припадност и социјалното потекло. Сите вработени, родители и ученици беа запознаени со правата на децата и истите беа поставени на видно место во училиштето. Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител работат во рамки на Училиштето, учествуваат во подготовка на годишната програма за работа, даваат предлог активности за годишните програми за екскурзиите, даваат педлози за воннаставни активности на училиштето, учествуваат во организација на хуманиратни активности, еколошки активност а имаат и свои претставници во советот на родители и наставничкиот совет. Еднаквоста и правичноста на учениците особено се промовираше и преку проектот Меѓуетничка интеграција на образованието кој континуирано се реализираше во наставниот процес, а СИТ тимот континуирано соработуваше со наставниците и даваше одредени насоки за успешно реализирање на овие планирани активности. Се организираа повеќе самостојни мио активности, но имаше и заеднички активноси со партнер училиштето „Јероним Де Рада“ од с. Черкези, Куманово. Учениците постојано се насочуваа и учеа да ја почитуваат, како сопствената културна традиција, така и културата и традицијата на сите етнички заедници во Р. Македонија. И преку проектот за недискриминација во училиштето се промовираше принципот на правичност и еднаквост во училиштето, чиј тим спроведуваше работилници од таков тип. Анкетираните наставници и ученици се изјаснија дека секогаш постои почитување меѓу учениците од машки и женски пол и секогаш водат целосна грижа и заштита на учениците од различна етничка припадност. Преку реализација на работилници, изработување на проекти и вклучување во разни активности, учениците се учеа како да ги препознаваат и како да се справат со прашањата поврзани со дискриминација.

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Анкетни листови • Финансиски план • Извештаи • Записник од Училишен одбор	***Индикатор за квалитет:*** **6.5. Финансиско работење во училиштето** Финансиската работа на училиштето се реализираше според законските акти и нормативи. Директорот на училиштето редовно изготвуваше финансиски план за работата на училиштето, а сите средства беа рамномерно распоредени и се користеа наменски за подобрување на квалитетот на наставата, учењето и училиштето, следејќи ги законските прописи и упатства дадени од МОН и Локалната самоуправа. Повеќето од анкетираните наставници велат дека за финансиското работење на училиштето редовно се информирани на Наставничките совети. За трошењето на финансиските средства директорот навремено ги информираше вработените, Училишниот одбор, Советот на родители, Советот на Локалната самоуправа и МОН. На состаноците на Училишниот одбор се разгледуваше Финансиски план на училиштето, се усвојуваше извештајот на пописните комисии и се разгледуваше завршна сметка за секоја година, која се доставуваше до Совет на општина Крива Паланка и од страна на истите позитивно се оценуваше. Навремено се изготвуваше финансиски план за јавни набавки кој доследно се применуваше и се запазуваа роковите за истиот.

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Анкетни листови • Развојно планирање	***Индикатор за квалитет:*** **7.2. Цели и креирање на училишната политика** Училишната политика во училиштето се креира со јасни и конкретни цели кои се секогаш насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на учениците, но во одредени делови беа правени пропусти. Вработените, родителите и учениците активно учевствуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, а училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување. При креирањето на целите на училиштето секогаш се земаат предвид мислењата на учениците и на сите останати чинители на воспитно-образовниот процес. Навремено се изработуваа правилници, процедури и други интерни акти со кои се почитуваат законските норми и правила, но не во целост.

Област 6. Училишна клима и култура

Документи кои се прегледани	**Кои информации се собрани?**
• Самоеваулација • Развојно планирање • Анкетни листови	***Индикатор за квалитет:*** При изготвувањето на Развојниот план на училиштето, се ангажираат комисии кој што работат на изготвување на истиот. Секогаш кога се прави развојното планирање се води сметка да се следат современите трендови и промени, но не секојпат се реализираат планираните активности.

Област 6. Училишна клима и култура

Позитивни страни

- Континуирана и редовна грижа за учениците
- Одржување на редовна хигиена, дезинсекција, дезинфекција и дератизација
- Соработка со ЈЗУ „Здравствен дом-Др.Димитар Арсов“-Крива Паланка и спроведување на сите редовни и вонредни систематски прегледи
- Реализација на програмата за професионална ориентација на учениците од завршните одделенија
- Изготвени Куќен ред, Кодекс на однесување и Еко-кодекс во училиштето
- Воспоставена е добра клима за работа во училиштето
- Промовирање на сите постигања
- Еднаков третман и пристап кон сите ученици според пол и етничка припадност
- Инклузија на учениците со посебни потреби
- Финансиско работење според законските акти и нормативи
- Почитување на правилници, процедури и акти на училиштето
- Континуирано изготвување на Развоен план согласно законските прописи
- Континуирано давање на приоритети од областа на Интеграција на еколошка едукација во нашето училиште

Слаби страни

- Организирање на настани од забавно-рекреативен карактер за покажување на интересите и знаењата на учениците надвор од наставните содржини
- Изготвување на Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето
- Формално почитување на личностите на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес
- Недостасуваат обуки за комуникација за вработените во училиштето
- Нецелосно почитување и примена на Куќниот ред, Кодекс на однесување и Еко кодексот во училиштето

Област 6. Училишна клима и култура

Приоритети

- Реализирање на обуки од областа на комуникациите
- Подобрување на етосот во училиштето со цел поголема целисходност, почитување и отвореност што се пренесуваат на доброто однесување и личниот развој
- Редовна соработка и интерес за успехот на учениците, со посебен акцент на воспитната дејност.

Резултатите од спроведената анкета за наставници се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Во училиштето постои и Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки за учениците	0	2	36	20	2
2. Сите наставници во Училиштето се третираат еднакво	1	13	27	14	5
3. Јас како наставник или стручен соработник постапувам еднакво кон сите ученици	0	0	14	46	0
4. Училиштето реализира обуки во областа на комуникациите	0	6	32	15	7
5. Училиштето реализира настани од забавно-рекреативен карактер за покажување на интересите и знаењата на учениците надвор од наставните содржини	0	3	37	18	2
6. Во Училиштето има целосно почитување и примена на Куќниот ред, Кодекс на однесување и Еко кодексот во училиштето	0	2	34	22	2

Резултатите од спроведената анкета за ученици се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Ќе му помогнам на моето другарче од друга националност што е во неволја	1	0	62	28	1
2. Во училиштето учиме да бидеме одговорни за своите постапки, да се грижиме за другите и да соработуваме	1	0	71	18	2
3. Односот на наставниците и учениците се базира на взаемно почитување	1	2	69	14	6
4. Наставниците добро ме познаваат и ми се обраќаат по име	1	2	69	19	1
5. Наставниците имаат еднаков и правичен однос кон сите ученици без разлика на родовата и социјална припадност	4	6	61	16	5
6. Поведението и дисциплината на учениците задоволува за време на часовите	2	3	74	7	6
7. Во училиштето можеме слободно да ги искажеме своите ставови и мисли	2	8	63	15	4
8. Учениците го чуваат личниот и училишниот имот	1	12	71	7	1
9. Во училиштето редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците	2	5	73	11	1
10. Кога имам проблем знам на кого да се обратам	3	2	72	12	3
11. Ги знам своите права и обврски во училиштето	1	2	72	17	0
12. За агресивноста, нетрпеливоста, нетолеранцијата и др. недолично однесување на учениците во училиштето отворено се разговара	2	4	70	9	7

ООУ„Јоаким Крчовски“, Крива Паланка
Ул. „Свети Јоаким Осоговски“ бр.139
Тел./факс: 031/375-132
e-mail:oujoakimkrcovski@yahoo.com

Резултатите од спроведената анкета за родители се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Наставниците благовремено ме известуваат за однесувањето на моето дете	0	30	134	41	0
2. Наставниците имат еднаков и правичен однос кон сите ученици без разлика на родовата и социјалната припадност	3	11	120	32	12
3. Учениците имаат можност да ги промовират своите лични постигнувања во училиштето и надвор од училиштето	1	9	131	26	11
4. Информиран сум за правата и обврските на моето дете	0	4	132	40	2
5. Во училиштето се почитуваат правата на децата	2	5	137	29	5
6. Моето дете е безбедно во училиштето	0	7	129	31	11
7. Родителските средби се добро осмислени	1	4	123	44	5
8. Имам добра соработка со одделенскиот раководител на моето дете	2	0	94	81	0
9. Известен сум за работата и одлуките на советот на родители	4	15	124	27	7

Резултатите од спроведената анкета за стручните соработници се следни:

	Не се согласувам	Неодредено	Се согласувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Во училиштето постои и Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето	0	0	5	0	0
2. Сите наставници и стручни соработници во Училиштето се третираат еднакво	4	0	1	0	0
3. Јас како наставник или стручен соработник постапувам еднакво кон сите ученици					
4. Училиштето реализира обуки во областа на комуникациите	0	0	2	3	0
5. Училиштето реализира настани од забавно-рекреативен карактер за покажување на интересите и знаењата на учениците надвор од наставните содржини	4	0	1	0	0
6. Во Училиштето има целосно почитување и примена Куќниот ред, Кодекс на однесување и Еко кодексот во училиштето	2	2	1	0	0

Област 7. Соработка со родителите и со локалната средина

Индикатори:

5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Документи кои се прегледани	Кои информации се собрани?
• Записничка книга за работа на Совет на родители • Записничка книга за работа на Училишен одбор • Работен дневник • Годишна програма за работа	***Индикатор за квалитет:*** **5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница** Училиштето има изградено партнерски однос со родителите на учениците кои повремено се вклучени во животот и работата на училиштето. Преку Советот на родители, родителите се запознаваа со Годишната програма за работа на училиштето, Наставниот план и наставните програми по предмети и одделенија и со програмата за работа на Советот на родители..Што се однесува до останатите активности во училиштето, освен за одредени поводи, Советот на родители при училиштето непостојано се среќаваше за да ги разгледува тековните активности, кои што на крајот на учебната година редовно се сумираат и валоризираат.. Родителите се вклучуваа во целокупната работа на училиштето и земаа значајна улога во работењето на Училишниот одбор. Училиштето ги вклучуваше родителите при организација и реализацијата на екскурзии, осигурување, реализација на натпревари, приредби и др. Во текот на учебната година се организираа најмалку пет родителски средби на кои родителите се запознаваа со целокупниот воспитно-образовен процес во тековната година. Родителите навремено се информираа за индивидуалниот напредок, дисциплина, изостаноци и социјализација на нивното дете преку индивидуални средби со одделенскиот раководител, предметните наставници и стручната служба. Информации добиваа и на родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти и сл. Секоја среда од 12:00 до 13:00 часот се организираше приемен ден за индивидуални разговори меѓу наставниците и родителите на учениците. Родителите даваа помош и поддршка на училиштето во организација на спортски манифестации, организација и реализација на приредби, излети, естетско уредување на училиштето и помош во реализација на училишните проекти. Родителите имаа можност да дадат свој придонес во креирањето на училишната политика преку давање идеи, сугестии, стручна помош, учество во работата на Совет на родители, поддршка во реализација на активностите и проектите на училиштето.

Област 7. Соработка со родителите и со локалната средина

	Во училиштето од страна на психолозите се реализираше „Програма за советување на родителите“ со која родителите се советуваа и едуцираа како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Освен наведеното, континуирано во текот на учебните години од страна на Педагошко-психолошката служба се водеа советодавно-консултативни разговори за сите потреби на учениците, родителите и наставниците.Училиштето беше активно вклучено во животот и работата на Локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани кои се од интерес на заедницата. Во текот на целата година се реализираа состаноци, индивидуални и групни средби со претставници на Општината, директори на училиштата, надворешни соработници и други.Наши ученици волонтираа во активностите на Општинската организација на Црвениот крст. Сите вработени и ученици од училиштето учевствуваа во одбележување на датуми, хуманитарни акции, како и традиционални манифестации и активности организирани според календарот на Општинската организација на Црвениот крст. Учениците редовно ги посетуваа и отворените денови кои ги организираше средното училиште во градот. Училиштето воспоставуваше добра соработка и со медиумите со цел информирање на јавноста за постигнатите резултати на учениците и вработените, за работата на училиштето, успешно реализираните проекти, како и за можностите што ги нуди училиштето за упис на учениците и следењето на нивниот понатамошен развој. Училиштето активно учествуваше на повеќе манифестации: одбележување на Детска недела, одбележување на денот на екологијата, во пресрет на Нова година, првиот ден на пролетта (21 Март), Ден на шегата - 1 Април, Ден на планетата Земја, Велигденско јајце, Ден на Европа и други. Исто така во нашето училиште беа одбележани и голем број на светски денови како што се: 21 Февруари-Меѓународен ден на мајчиниот јазик, 1 Март-Меѓународен ден на Црвениот крст, 21 Март-Светски ден на лицата со Даунов синдром, 2 Април-Светски ден за свесноста за аутизмот, 22 Април-Светски ден на планетата земја, 24 Мај-Ден на македонските и сесловенските просветители и учители, 5 Јуни-Светски ден на животната средина, 23 Октомври-Ден на револуционерната борба, 20 Ноември-Светски ден за правата на децата, 23 декември-меѓународен ден на лицата со попреченост и други.

Област 7. Соработка со родителите и со локалната средина

Позитивни страни

- Училиштето е отворено за соработка со родители, локалната средина, како и со училишта надвор од земјата и сл.
- Успешно спроведување на „Програма за советување на родителите“
- Родителите пружаат поддршка при организација и реализација на различни настани по различни поводи
- Учество во сите настани и манифестации организирани од локалната самоуправа
- Добра соработка со медиумите со цел информирање на јавноста за постигнатите резултати на учениците и вработените, за работата на училиштето, успешно реализираните проекти, како и за можностите што ги нуди училиштето за упис на учениците и следењето на нивниот понатамошен развој
- Одбележани значајни меѓународни и светски денови

Слаби страни

- Намалена воспитна компонента кај учениците
- Намален број на индивидуални средби на наставниците со родителите
- Слабо ангажирање на родителите во воспитувањето на нивните деца
- Слаба корелација помеѓу наставниците, родителите и учениците со стручната служба во училиштето, директорот и помошник директорот

Приоритети

- Зголемување на воспитната компонента на учениците преку поголема ангажираност на наставниот кадар (приоритетно одделенските раководители) во делот на континуирано воспитување на учениците
- Зголемување на корелација помеѓу наставниците, родителите и учениците со стручната служба во училиштето, директорот и помошник директорот
- Зголемување на бројот на индивидуални средби на наставниците со родителите

Резултатите од спроведената анкета за наставници се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Училиштето ги потикнува родителите да се вклучат во животот и работата на учениците преку совети, родителски средби и Совет на родители	0	1	33	25	1
2. Училиштето е доволно отворено за сите родители	0	0	26	33	1
3. Наставниците имаат чести средби со родителите	0	2	32	26	0

Резултатите од спроведената анкета за ученици се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Моите родители се вклучени во одредени активности на училиштето и редовно одат на родителските состаноци	1	2	71	18	0
1. Моите родители се вклучени во одредени активности на училиштето и редовно одат на родителските состаноци	2	1	72	16	1
3. Наставниците имаат чести средби со родителите	3	4	70	9	6

Резултатите од спроведената анкета за родители се следни:

	Воопшто не се согласувам	Не се согласувам	Се соглсувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Училиштето обезбедува услови за соработка со родителите и ги подржува иницијативите на Советот на родителите	2	18	25	16	17
2. Училиштето е доволно отворено за сите родители	2	9	133	27	7
3. Наставниците имаат чести средби со родителите	1	13	128	30	6
4. Директорот допринесува за афирмацијата и углед на училиштето	6	20	112	22	17
5. Се почитува мислењето на родителите за подобрување на работата во училиштето	3	28	103	23	20

Резултатите од спроведената анкета за стручните соработници се следни:

	Не се согласувам	Неодредено	Се согласувам	Во потполност се согласувам	Не знам
1. Училиштето ги потикнува родителите да се вклучат во животот и работата на учениците преку совети, родителски средби и Совет на родители	2	0	3	0	0
2. Училиштето е доволно отворено за сите родители	0	0	2	3	0